# ШТО Е ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА?

Поимот „трудова експлоатација“ во контекст на трговијата со луѓе се користи за да се опфатат, најмалку, **принудната работа или услуги, ропството или практики слични на ропството и слугувањето.**

Терминот „трудова експлоатација“ се однесува на целите на трговијата со луѓе дефинирани во член 4 од **Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе** (2005), а кој се однесува на секоја работа или услуга која се изнудува од некое лице под закана од каква било казна и за којашто наведеното лице не се пријавило доброволно.

# ПРИСИЛНА РАБОТА: КЛУЧНА КОМПОНЕНТА НА ТРУДОВАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Присилната работа, позната и како принудна, е форма на експлоатација во која **поединците се принудени да работат против нивната волја** под закана од казна или принуда. Во ситуации на принудна работа, поединците може да бидат подложени на **физичка, психолошка или економска принуда**, што им го отежнува или оневозможува одбивањето или напуштањето на работата.



БИЗНИС
КОНФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Кампањата „Можеби и ти си жртва на трудова експлоатација“ ја спроведува Бизнис Конфедерација на Северна Македонија со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Оваа кампања има за цел значително да се намали побарувачката за услуги од жртвите на трговија со луѓе преку негување на култура на свесност и одговорност во Северна Македонија. Исто така, оваа кампања има за цел да создаде општество каде што поединците се информирани за последиците од свесно користење на таквите услуги и се посветени на борбата против трговијата со луѓе во сите нејзини форми.

Овој леток е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
ЕУ со ТЕБЕ

БИЗНИС
КОНФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# МОЖЕБИ И ТИ СИ ЖРТВА НА ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Кофинансиран од Европската Унија
ЕВРОПСКА УНИЈА
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа
ЕУ со ТЕБЕ

# КОИ СЕ ЗНАЦИТЕ НА ПРИСИЛНА РАБОТА?

**Советот на Европа** ги посочува следните индикатори кои се однесуваат на одредени видови трудова експлоатација на жртвите на трговија со луѓе:

- **Понижувачка или опасна работа без соодветна заштитна опрема;**
- **Лица контролирани на нивните работни места преку надзорни камери, заклучени и/или изолирани на локации без достапни средства за превоз;**
- **Лица кои немаат можност да се движат слободно, работат на изолирани локации,**
- **Лица кои работат поголем број часови или денови без пауза, без слободни денови, без право на боледување, надвор од пропишаното национално законодавство или можност да поднесат жалба;**
- **Лица кои се дисциплинираат преку казнување (физичко или финансиско);**
- **Лица чии лични документи им ги задржува работодавецот.**

Подетални информации, како и други посочени знаци на одредени видови трудова експлоатација на жртвите на трговија со луѓе можете да најдете **во публикациите „Трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија: фактори на ризик, трендови и предизвици" и „Извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација"** изработени од Советот на Европа. Овие публикации се **достапни на QR кодот**.

Доколку имате сознанија, информации или сомневање за можна **трудова експлоатација** или трговија со луѓе **пријавете** на: **192, 080 111 11, redbutton.mvr.gov.mk или на 151 31** (Државен инспекторат за труд).

# КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА?

## ПРАВО НА ПРАВИЧЕН ТРЕТМАН

Секој работник има право на фер третман без оглед на неговото потекло, етничка припадност или статус.

## ПРАВО НА БЕЗБЕДНИ РАБОТНИ УСЛОВИ

Имате право да работите во средина која е безбедна и без опасности кои можат да му наштетат на вашето здравје или благосостојба.

## ПРАВО НА ПРАВИЧНИ ПЛАТИ

Вие имате право да добивате соодветен паричен надоместок за работата што ја работите, според законот.

## ПРАВО НА ОДМОР И ПАУЗИ

Имате право на периоди за одмор и паузи за време на вашето работно време.

## ПРАВО НА СЛОБОДА

Никој нема право да ве присилува да работите против ваша волја или да ја ограничи вашата слобода на движење.

# ЗАШТИТЕТЕ СЕ

## ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ

Едуцирајте се за вашите права како работник и запознајте се со законите и прописите за работни односи

## БИДЕТЕ СВЕСНИ - ПРЕПОЗНАЈТЕ ГИ ЗНАЦИТЕ

Бидете внимателни на понудите за работа кои изгледаат премногу добри за да бидат вистинити или вклучуваат ветувања за висока плата со минимален напор.

## ВЕРУВАЈТЕ ИМ НА ВАШИТЕ ИНСТИНКТИ

Ако нешто ви се чини погрешно или сомнително, верувајте им на вашите инстинкти и побарајте помош

## ЧУВАЈТЕ ВАЖНИ ДОКУМЕНТИ

Чувајте ги документите за идентификација и работните договори, кај Вас на безбедно место. Не ги предавајте никому без соодветно оправдување.

## ОСТАНЕТЕ ПОВРЗАНИ

Одржувајте редовна комуникација со доверливи пријатели, членови на семејството или организации за поддршка. Известете ги за вашата работна ситуација и каде се наоѓате.